
ОПШТИНА
ЧАШКА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ
# ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА
## ЧАШКА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, соградјанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани граѓани на општина Чашка,
поддржувачи и гласачи,

Чест и задоволство ми е што сум предлог на ВМРО-ДПМНЕ за кандидат за градоначалник на нашата општина Чашка.

Мојата визија за општина Чашка е да ја безбедна, просперитетна и пријатна општина за живеење. Општина Чашка е наш заеднички дом. Општината која ја замислувам е општина што ќе ја чува природата, ќе ги почитува традицијата и културата кои нè прават посебни и горди, и што ќе работи транспарентно и чесно во интерес на сите жители.

Драги сограѓани, мојата цел е јасна – Чашка да биде место каде што луѓето остануваат и со радост го градат својот живот. Нема да давам празни ветувања, туку ќе работам посветено и одговорно за да ја почувствувате промената во секојдневието. Верувам дека заедно, обединети и усогласени ќе оствариме силна и убедлива победа за наша подобра иднина.

Време е да изградиме општина по мерка на сите нас, општина на достоинствени и успешни луѓе. Време е за нова Чашка, време е за обнова со ВМРО-ДПМНЕ.

Ветувам дека чесно, совесно и одговорно ќе пристапам кон решавање на проблемите на нашите сограѓани.

Со почит,
Дејан Андоновски

Почитувани сограѓани, драги жители на општина Чашка,

Со искрена чест и голема одговорност, Ви се обраќам како предводник на советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ.

Верувам дека нашата општина има неискористен потенцијал кој може да се претвори во двигател на развојот. Чашка ја гледам како општина каде што секој граѓанин ќе почувствува дека неговиот глас е слушнат и неговиот живот подобрен. Заедно со идниот состав на Советот на општина Чашка кој ќе биде предводен од мнозинството на ВМРО-ДПМНЕ ќе се залагаме за уредени патишта и инфраструктура која ќе го олесни секојдневието, за развој на земјоделството и сточарството како главни гранки што ги хранат нашите семејства, за отворање нови можности за вработување и економски напредок кој ќе им даде перспектива на младите да останат овде, во својот дом. Ќе се бориме за подобро образование и спортски содржини што ќе ги воспитуваат идните генерации во дух на знаење и здрав живот, за достапна здравствена заштита и поголема грижа за старите лица и оние на кои им е потребна социјална поддршка.

Ве повикувам заедно да го направиме овој чекор кон нов почеток и вистинска обнова. Време е за млади, достоинствени и успешни луѓе.

Ваш,
Трајче Мишкоски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Трајче Мишкоски - Носител на листа
2. Весна Темелковска
3. Виктор Маневски
4. Муамед Абдиов
5. Тони Димески
6. Маријана Трајковска
7. Љупче Јорданов
8. Елена Николовска
9. Елса Трајковска
10. Наташа Димовска
11. Веселин Јанкуловски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНАТА

Во четиригодишниот мандат на ВМРО-ДПМНЕ главен приоритет ќе биде подобрување на општинските услуги и обезбедување на услови за локален економски развој во Општина Чашка. Во рамките на постојните човечки и материјално-технички ресурси ќе се направи оптимизација на работните места на општинската администрација и ќе се даде приоритет на барањата на граѓаните. Решавањето на барањата од граѓаните, навремено и ефикасно, ќе биде приоритет на општинската администрација.

Ќе обезбедиме зголемена мобилност преку воведување на субвенциониран јавен превоз од секое населено место до населбата Чашка и Велес како најблизок административен, здравствен и услужен центар во опкружувањето на општината.

Во соработка со Владата и со министерствата, особено ќе се заложиме за крупни капитални инфраструктурни проекти што ќе ја поврзат општината со целиот централен регион на државата. Во четиригодишниот мандат ќе настојуваме да ги реализираме: асфалтирањето на регионалниот пат с. Извор - Прилеп преку с. Јасеново во должина од 30 км, реставрација на спомен-куќите во с. Горно Врановци, отворање на јавна здравствена установа во Чашка, обезбедување на монтажна железничка постојка за потребите на жителите на с. Согле, осветлување на регионалниот пат од нас. Чашка до крстосницата со Долги Рид, проширување на мостот на реката Тополка кај с. Голозинци, како и непрекинато и навремено снабдување со електрична енергија на територијата на Општина Чашка.

## Дом на културата во Чашка

Во соработка со Владата и со соодветните министерства ќе отпочнеме и ќе завршиме проект за изградба на Дом на културата во Чашка.

## Редовни автобуски линии помеѓу населените места од Општина Чашка и од Општина Велес

Преку воспоставување на овие линии, ќе се подобри мобилноста на населението од Општина Чашка во регионот и пошироко. Со тоа, ќе се подобрат условите за живот. Ќе се воведе субвенционирање на јавниот превоз со цел да се обезбеди достапност на јавниот превоз до сите населени места.



# ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНАТА

## 1. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

1.1. Изградба на локален пат за с. Долно Врановци (од регионален патен правец Стари Град – Ропотово до с. Долно Врановци). Со изградбата ќе се овозможи полесен пристап до селото и географскиот центар на Република Македонија, а на тој начин ќе се подобри туристичката понуда и ќе се поттикне локалниот економски развој.

1.2. Асфалтирање на улица - обиколница во с. Мелница во должина од 1,2 км која ќе овозможи да се заобиколи и да се растовари од сообраќај централната улица во с. Мелница.

1.3. Реконструкција на локалниот пат за с. Нежилово, кој ќе опфати целосна замена на коловозната конструкција, проширување на потребните места и обезбедување со еластична ограда.

1.4. Изградба на локален пат од с. Нежилово до почетокот на пешачката патека за изворите на реката Бабуна.

1.5. Изградба - реконструкција на локалниот пат за с. Папрадиште втора фаза, која ќе опфати целосна замена на коловозната конструкција, изработка на канали за одводнување и сл.

1.6. Реконструкција на четири улици во с. Мелница, со што ќе се придонесе за подобра мобилност во с. Мелница и ќе се подобри квалитетот на живеење.

1.7. Проширување на локален пат за с. Мелница, кој ќе опфати проширување на патот на критични места со цел да се овозможи безбедно разминување на возилата и стабилизирање на каналите за одводнување и на банкините на патот. Со оваа активност ќе се овозможи поголема мобилност и безбедност на локалната патна мрежа во Општина Чашка.

1.8. Изградба на улица во с. Теово од бетонски коловоз во должина од 200 м, што ќе ја подобри мобилноста во селото.

1.9. Изградба на улица во с. Согле, која ќе овозможи алтернативен влез и излез во селото. Улицата е во должина од 350 м, а со

нејзината изградба ќе се придонесе за поголема мобилност на населението од с. Согле и за побезбеден сообраќај.

1.10. Изработка на проектно-техничка документација за изградба на пат од с. Согле до манастирот во с. Согле како прва фаза од сообраќајното поврзување на манастирот над с. Согле, со што ќе се обезбедат услови за планирање на потребниот буџет и на извори на финансирање.

1.11. Изработка на проектно-техничка документација за изградба на мост преку реката Бабуна во с. Согле како прва фаза од обезбедување на пристап на десната страна од реката Бабуна во атарот на селото.

1.12. Изработка на проектно-техничка документација за реконструкција на локален пат од с. Оморани до населбата „Васил Антевски Дрен“.

1.13. Реконструкција на локален пат од с. Оморани до населбата „Васил Антевски Дрен“ во прва фаза. Првата фаза опфаќа обнова на коловозната конструкција и потребни проширувања на дел од локалниот пат во опфат од регионалниот пат делница Стари Град – с. Ропотово до населбата „Васил Антевски Дрен“. Во рамки на оваа реконструкција предвидено е и целосно осветлување на коловозот од делницата Стари Град – с. Ропотово до населбата „Васил Антевски Дрен“.

1.14. Изградбата на улици во с. Оморани и во населбата „Васил Антевски Дрен“ опфаќа изградба на улица со бетонски коловоз во вкупна должина од 300 м.

1.15. Реконструкција на улици во с. Горно Врановци. Согласно со конзерваторските услови, ќе се дефинираат елементите на улиците. Со имплементација на проектот ќе се зголеми мобилноста во с. Горно Врановци, а исто така ќе се создадат услови за зголемена туристичка понуда на Општина Чашка.

1.16. Реконструкција и доградба на улицата „Кочо Рацин“ во населбата Чашка, делот од улицата кој е коловоз од павер-елементи ќе се реконструира и коловозната конструкција од павер-елементи ќе биде заменета со асфалт, а продолжувањето кон с. Крива Круша ќе биде асфалтирано. Дополнително, ќе биде асфалтиран и кракот од улицата „Кочо Рацин“.

1.17. Реконструкција на улиците „Гоце Делчев“ и „Коле Неделковски“ во населбата Чашка. Со реконструкцијата ќе биде опфатена замена на оштетените делови од коловозната конструкција, рабниците и изградба на тротоари за пешаци.

1.18. Фазна изградба на улица - обиколница во населбата Чашка (од тунелот при влезот во населбата Чашка до регионалниот патен правец Велес - Прилеп). Со изградба на прва фаза од обиколницата ќе се олесни пристапот кон населбата Чашка и останатите населени места во Општината и пошироко.

1.19. Проширување и реконструкција на мостот од регионалниот пат до улицата „Коста Рацин“ во нас. Чашка (лево од тунелот).

1.20. Поставување на сообраќајна патна сигнализација и лежечки полицајци

во с. Извор и нас. Чашка (на главните регионални патишта).

1.21. Асфалтирање на патниот правец нас. Чашка – Велес во соработка со ЈПДП и Општина Велес.

## Изработка и одобрување на Детален урбанистички план за нас. Чашка

Посебен акцент на кружен тек при влезот во нас. Чашка и поврзување со улиците кај поштата, локација за затворен пазар, автобуска станица, простор за паркирање, бензинска станица и други јавни функции. Со имплементација на проектот ќе се овозможи изградба на нови градби и можност за откуп на градежно земјиште.

## Урбанистичко-планска документација за секое населено место

Со реализација на овој проект ќе се овозможи плански развој на просторот на територијата на Општина Чашка, ќе се овозможи изградба на објекти за домување, ќе се создадат услови за откуп на градежно земјиште/негова трансформација и завршување на процесот на легализација на бесправно изградените објекти.

## Формирање на јавно претпријатие за одржување на локални патишта и улици, со цел да се обезбеди:

редовно, навремено, тековно и зимско одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Чашка.



# 2. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

2.1. Отворање на канцеларија за помош на (микро) претпријатија

Ваквата канцеларија ќе нуди поддршка на основачи на мали претпријатија, стручна помош за јакнење на локалните претпријатија, вмрежување на локалните претпријатија, поттикнување на меѓународна соработка со мали и средни претпријатија, помош при користење на програми за развој на мали и средни претпријатија и нивна промоција.

2.2. Адаптација на објект и отворање на подрачна канцеларија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2.3. Обезбедување на објект (просторија), која ќе служи за потребите на жителите на с. Оморани.

2.4. Планирање на развојни зони во нас. Чашка, с. Извор и с. Богомила, со цел да се создадат услови за создавање на нови работни места и локален економски развој.



# 3. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

3.1. Зони со бесплатен Интернет

На повеќе локации на фреквентни места во населените места во општината, ќе создадеме зони со слободен - бесплатен Интернет.

3.2. Надградба и одржување на софтверски апликации на даночниот систем и плаќање на даноци и други административни такси кон општината преку веб-апликација.

3.3. Електронски услуги за граѓаните

Во соработка со Владата и со меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

3.4. Воспоставување на географско-информациски систем за Општина Чашка

Ќе креираме еден интегриран систем кој ќе прибира податоци за урбанизам, даноци, комунална инфраструктура и сл.



# 4. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

- **Модерна образовна инфраструктура и современи услови за учење.**

Модернизација на сите училишта согласно со стандардите на ЕУ и подобрување на условите за учење.

- **Достапност на спортската сала во нас. Чашка и с. Горно Јаболчиште за учениците за време на настава и надвор од наставните активности.**

Со имплементација на оваа мерка ќе се овозможи користење на спортската сала во нас. Чашка изградена поодамна  и спортската сала која се гради во с. Горно Јаболчиште.

- **Организација на летни кампови за деца и млади.**

Општината ќе организира летни кампови за ученици во основното образование, сѐ со цел запознавање на општината и регионот во кој живеат.

- **Еднакви можности за образование за сите.**

Предвидуваме стипендии за ученици и студенти од социјално загрозените семејства, обезбедување на стипендии за средношколци и за студенти.

- **Стипендии за талентирани ученици.**

Со стипендии ќе бидат опфатени талентирани ученици и студенти, како и ученици и студенти со ниски месечни примања. Со имплементација на оваа мерка ќе се обезбедат услови за модерно и современо образование.

- **Инвестиции во наставниот кадар.**

Обезбедување бесплатен превоз на наставниот кадар кој живее надвор од Општина Чашка. Во услови на недостаток на наставен кадар, оваа мерка е неопходна за задржување на наставниот кадар, но и при регрутација на нов наставен кадар.

- **Воспоставување на парична награда за избор на најдобар наставник од секое училиште.**



# 5. ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## Воведување на концепт на зелена и чиста општина.

Хумана архитектура, изградба на центри за управување со отпад, воведување на концептот на циркуларна економија преку паметно управување со отпадот и материјалите, целосен третман на отпадните води.

## Санирање на времената општинска депонија во с. Раковец.

Санацијата опфаќа оградување на депонијата, селектирање на отпадот и негова понатамошна дислокација, компактирање на отпадот и затрупување во слоеви со земја. Со имплементација на проектот ќе се намалат емисиите во воздух и почва во непосредната и поширока околина на времената депонија во с. Раковец.

## Затворање на диви депонии на територијата на Општина Чашка.

Сите диви депонии ќе бидат исчистени, а просторот ќе се преуреди заради понатамошна соодветна употреба. Ќе се воспостави редарска служба која ќе делува превентивно и ќе иницира постапки против оние физички и правни лица што исфрлаат смет на слободни и јавни површини.

## Изградба на систем за собирање, прочистување и испуштање на фекални отпадни води во с. Горно Јаболчшите.

Изградбата на овој систем за собирање, прочистување и испуштање на отпадни води е неопходен со цел да се заштитат водите на езерото во с. Лисиче од каде се врши водоснабдување на градот Велес и блиската околина. Во отсуство на овој систем сериозно се загрозени водите од езерото во с. Лисиче.

## Изградба на систем за собирање, прочистување и испуштање на фекални отпадни води во с. Долно Јаболчиште.

Изградбата на овој систем за собирање, прочистување и испуштање на отпадни води е неопходен со цел да се заштитат водите на езерото во с. Лисиче од каде се врши водоснабдување на градот Велес и блиската околина.

## Доградба на фекален колектор во нас. Чашка.

Со доградбата ќе се спречи загадување на почвата и подземните води како и спречување на непријатната миризба од фекалните отпадни води во нас. Чашка.

- **Изградба на систем за собирање, прочистување и испуштање на фекални отпадни води во с. Горно Врановци.**

Изградбата на овој систем за собирање, прочистување и испуштање на отпадни води е неопходен со цел да се заштитат водите на езерото во с. Лисиче од каде се врши водоснабдување на градот Велес и блиската околина.

- **Изградба на систем за собирање, прочистување и испуштање на фекални отпадни води во с. Стари Град и с. Долно Врановци.**

Изградбата на овој систем за собирање, прочистување и испуштање на отпадни води е неопходен со цел да се спречи загадување на почвата и подземните води, како и спречување на непријатната миризба од фекалните отпадни води.

- **Подобрување на водоснабдувањето во с. Лисиче.**

Заради обезбедување на чиста вода за пиење, со имплементацијата на овој проект се очекува да се подобри квалитетот на живеење и да се спречи појава на заразни болести како резултат на нерешеното водоснабдување на с. Лисиче.

- **Подобрување на водоснабдувањето во с. Чашка.**

Со имплементацијата на овој проект се очекува да се подобри квалитетот на живеење и да се спречи појава на заразни болести како резултат на нерешеното водоснабдување на с. Чашка.

- **Подобрување на водоснабдувањето во с. Еловец, преку обезбедување на чиста вода за пиење.**
- **Изградба на систем за водоснабдување на с. Долно Врановци.**

Планирано е обезбедување на вода за пиење од бунар кој е лоциран во близина на реката Бабуна. Со пумпа водата ќе се дистрибуира во резервоар што ќе биде изграден над селото од каде по гравитација ќе се дистрибуира низ водоводната мрежа, која ќе се изгради  во селото.

- **Изградба на филтер-станица во Чашка за водоснабдување на нас.Чашка.**
- **Замена на азбестниот покрив на училиштето „Тодор Јанев“ во нас. Чашка.**
- **Изградба на фекална канализациска мрежа со вкупна должина од 2 км во с. Богомила.**
- **Проширување на каналот за одводнување на атмосферската вода од преминот на пругата во с. Теово.**

- **Уредување на речното корито - кеј на реката Тополка  во нас. Чашка.**
- **Поставување на фото напонски централи на покривите од училиштата во с. Горно Јаболчиште, с. Долно Јаболчиште и с. Извор.**

Со имплементација на проектот ќе се обезбеди електрична енергија од обновливи извори (сончева енергија) и индиректно ќе се намалат емисиите во воздухот.

- **Изработка на студија за гасификација на Општина Чашка,**

со која ќе се дефинираат правците за гасификација, приоритетите за гасификација, оправданоста од гасификација и влијанието на гасификацијата врз животната средина во Општина Чашка.

- **Преземање на мерки за заштита на животната средина преку зајакнување на противпожарната заштита на територијата на Општина Чашка.**

Мерката ќе опфати адаптирање на објект во сопственост на Општина Чашка во објект за противпожарно друштво, опремување со противпожарна опрема и обезбедување на обука за пожарникари - доброволци.



# 6. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

### Општински туристички бироа

Оспособување на туристичко биро на влезот во Општина Чашка со неопходни материјално-технички и човечки ресурси во објектот земен под закуп од Македонски железници (кај Пашин мост).

### Туристичка апликација

Прецизно мапирање на расположливите туристички капацитети и нивно вмрежување со цел да се воспостави солидна и сериозна туристичка понуда прикажана на веб-апликација каде заинтересираните посетители ќе можат да се информираат за расположливите капацитети и да извршат резервација.

### Туристичка карта на Општина Чашка

Туристичката карта ќе ги детерминира расположливите туристички капацитети и ќе даде неопходни информации за секое населено место и за туристичката понуда.

### Обележување на патеки со насоки, клупи и одморалишта.

### Организирање и финансиска поддршка на досегашните манифестации од видот на

„Компиријада“, „Саем на здрава храна“ со цел да се промовираат локалните производи и расположливите ресурси.

### Развој на терени за планинарење и велосипедизам.

Во делови од општината кои се погодни за планински и екстремни спортови, предвидуваме обележување и развој на терени за планинарење и планински велосипедизам.

# 7. ИНВЕСТИРАМЕ ВО СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Подобрување на спортската инфраструктура и подобрување на условите за спортување на младите ќе биде во фокус на работата на општината, преку реконструкција на постојните спортски објекти и градење на нови спортски центри за различни спортови.



## Изградба на мултифункционално игралиште во нас. Чашка

Ќе биде достапно за настава по физичка култура и слободни спортски активности на младите од нас. Чашка и блиските населени места. Со имплементација на оваа мерка ќе се овозможи поквалитетна настава по физичка култура и спортски активности на младата популација надвор од училишните активности.

## Изградба на спортско игралиште во с. Согле.

Опфаќа асфалтирање на постојното игралиште, негово оградување и целосно осветлување. Со имплементација на оваа мерка ќе се овозможи поквалитетна настава по физичка култура и спортски активности на младата популација надвор од училишните активности.

## Изградба на мултифункционално спортско игралиште во с. Горно Врановци.

Ќе биде достапно за настава по физичка култура и слободни спортски активности на младите од с. Горно Врановци.

## Финансиска поддршка на сите регистрирани спортски клубови на територијата на Општина Чашка.

Врз основа на претходно објавен оглас и поднесена програма за тековната година и извештај за потрошените финансиски средства од претходната година, ќе се доделува финансиската поддршка. Со оваа мерка ќе се овозможи спортските клубови да ги покријат минималните трошоци за нивно функционирање.

## Меморијален турнир во фудбал.

Како заеднички предлог на фудбалските клубови од Општина Чашка, ќе воспоставиме организација на меморијален турнир во фудбал со хуманитарен карактер.

## Масовен планинарски марш

На врвот Солунска Глава, врвот Лисец и на врвот Вирови на планината Кадиица, ќе се организира масовен планинарски марш. Со планинарските маршови ќе се промовираат планинарските спортови и запознавање на природните убавини на Општина Чашка.

## Развој на спортот во село преку изградба на спортски терени во секое рурално населено место.

## Рехабилитација на сите спортски терени на територијата на Општина Чашка.

Рехабилитација на сите спортски терени на територијата на Општина Чашка преку оградување, наводнување, косење на трева и редовно чистење. Бетонските терени ќе бидат санирани од пукнатини, оградени и редовно чистени.

# 8. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- **Негување на културата и културното наследство, поддршка на културни настани и манифестации, поддршка на локалните културни друштва и отворање на едукативни центри за култура.**
- **Реконструкција на спомен-куќата на Коле Неделковси во с. Војница.**

Ќе опфати целосна реконструкција во архитектонско-градежна смисла, изложување на постојните поставки од објектот и обезбедување на други документи поврзани со животот и делото на Коле Неделковски.

- **Изградба на детски забавен парк во с. Горно Врановци.**
- **Организирање на интерактивни работилници „Живи села“.**

Посетителите ќе можат да учат и да учествуваат во изработка на локални производи базирани на традиционални занаети и вештини.

- **Поддршка на уметнички и креативни простори, галерии на отворено, улична уметност и скулптури со локални мотиви, работилници за деца и млади за музика, сликарство и за драмски перформанси.**

# 9. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- **Целосна изградба на детска градинка во с. Мелница.**

Со поддршка на Владата, целосно ќе завршиме и ќе ја пуштиме во употреба градинката во с. Мелница, која ќе може да прими десетици дечиња и да осигура здрав развој и напредок на општината.

- **Реновирање на објекти за здравствена заштита.**

Постојните објекти во сопственост на Општина Чашка со намена здравствена заштита ќе бидат реновирани и истите ќе се стават во функција на примарната здравствена



заштита на заинтересирани субјекти, со цел да се обезбеди навремена и квалитетна здравствена заштита на населението.

## Градење на социјални станови и домови за стари лица.

Изработка на студија за адаптација на постојни објекти во сопственост на Општина Чашка во домови за стари или за социјално загрозени лица. Студијата ќе даде показатели колку од објектите можат да се адаптираат во домови за стари лица или станови за социјално загрозени лица, во кое населено место и проценета вредност на инвестицијата поединечно за секој објект.

## Финансиска поддршка на дневни центри и на дневните центри за лица со попреченост.

Со цел да може непречено да функционираат и да обезбедуваат услуги за ранливите групи на граѓани, финансиски ќе бидат поддржани вакви дневни центри.

ВМРО-ДПМНЕ